**КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**кои следат настава со физичко присуство**

**ООУ „Ванчо Николески“ - учебна 2020/21**

**Ученикот треба:**

- Да го почитува протоколот за физичко присуство на настава.
- Да дојде 10 минути порано на училиште и да биде спремен за проверка на температура на влезна врата и дезинфекција на рацете и стапалата.
- Да ги следи апликациите за влез и излез и за превентивни мерки од вирусот Корона поставени на видни места.
- Задолжително и правилно да носи маска на лицето.
- Да ги дезинфицира рацете и стапалата од нозете на влезот од училиштето и тоалетот, како и дополнително во училница по потреба.
- Да држи растојание од најмалку 1,5 метар од друг ученик.
- Да го почитува протоколот за седење во клупа според планот на наставникот.
- Да го следи наставникот и неговите инструкции.
- Да зборува кога ке биде повикан.
- Да не користи мобилен телефон.
- Храна, ужинка или оброк да користи само на голем одмор, а истите да се донесени од дома.
- Единствено на големиот одмор може да ја тргне маската и да јаде во присуство на наставникот, со претходно дезинфицирани раце со средство кое содржи алкохол.
- Во својот ранец носи шише со течност (вода, сок, чај...), од кое може да пие само за време на мал или голем одмор.
- Во тоалет може да оди само за време на мал или голем одмор, со дозвола од наставникот, притоа почитувајќи го **Протоколот за користење тоалети** истакнат пред влезот на тоалетите.
- Пред и после јадење, како и после користење на тоалет рацете се дезинфицираат.
- Маската ја вади само кога јаде или пие течност.
- На мал одмор ученикот седи во училница со наставникот и другарите пак на истото растојание без групирање.

- Во училница и надвор од неа не смее да има групирање на учениците, може најмногу по двајца кои разговаараат со растојание од најмалку 1,5 метри.
- Во тоалет учениците одат намногу по двајца (машко-женско), каде после завршената активност ги мијат рацете со сапун, а потоа во училница ги дезинфицираат со дезинфекционо средство.
- Да не се задржуваа во училишниот хол без потреба и да не се групира со други ученици.
- Да ги почитува правилата кои ќе ги заведе наставникот во училница и надвор од неа.
- На часот по физичко и здравствено образование се држи дистанца помеѓу ученик од 1,5 метри. Часот се организира надвор доколку временските услови се погодни.
- Доколку користи некој реквизит (топка и сл.) по употреба се дезинфицира истиот и рацете.
- Ученикот разговара со наставникот исто така на дистанца од најмалку 1,5 метри.
- После употреба на приборот за работа и учебниците, истите се дезинфицираат со алкохолен спреј.
- Играчки и други предмети кои не учествуваат како наставно средство за време на наставата не се носат на училиште.
- Да ги почитува насоките од наставникот.
- Да го почитува правилото кога еден зборува, другите слушаат.
- Да не дофрла на друг ученик за време на часот.
- Правилно да седи.
- Доколку ученикот има симтоми на покачена температура и сл. на вирусот корона се изолира од учениците во соба за изолација, наставникот го повикува родителот кој задолжително го носи на матичен лекар, а додека дојде родителот со растојание и со маска е придружуван од дежурно лице во училиштето.

Директор

Елена Ел Нади